ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 0102-15/1
23.01 2015 год.
ОХРИД

| Плански документ | Програма за развој на Југозападниот плански регион 2015-2019 |
|---|---|
| Доносител на планскиот документ | Совет за развој на Југозападниот плански регион со претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој на РМ |
| Изработувач на планскиот документ | Центар за развој на Југозападниот плански регион |
| Инвеститор | ГИЗ Ред Програма – Друштвото за техничка соработка на Германија |

**Среднорочни цели и приоритети дефинирани во планскиот документ:**

1. **Модерна регионална економија базирана врз висока технологија и знаење**

1.1. Зголемување на конкурентноста на регионалната економија
1.2. Привлекување на инвестиции во Регионот
1.3. Јакнење на секторот на малите и средни претпријатија во Регионот
1.4. Одржливост на земјоделството и руралниот развој
1.5. Развој на транспортна и комуникациска инфраструктура и унапредување на просторот

2. **Образование прилагодено на потребите на економскиот развој, социјалната и здравствената заштита, населението во регионот и создавање услови за запирање на миграцијата**

2.1. Квалитетно образование прилагодено на потребите на бизнисот, структурирање на ССО, според барањата на пазарот на трудот
2.2. Спречување на одливот на стручниот кадар од терцијарни дејности преку поттикнување поголема родова рамноправност и можност за вклучување во пазарот на трудот на граѓани од ранливите категории
2.3. Подобрување на опфатеноста на семејствата со социјална грижа, поголема опфатеност на деца од предучилишна возраст од руралните средини во градинки, како и усогласување на програмите за заштита на стари лица со стратегијата на Р.М.

3. **Одржлив развој на селективните видови туризам поврзани со природното и културното наследство.**

3.1. Развој на инфраструктурата и подобрување на уреденоста на природните и културните атракции во функција на туризмот
3.2. Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот со цел порамномерна дистрибуција на туристичкиот промет во рамките на Регионот
3.3. Креирање на регионална туристичка понуда со цел разбивање на сезоналниот карактер на туризмот и рамномерно користење на капацитетите во текот на целата година

4. **Зачувување на квалитетот на животната средина**

4.1. Изградба, реконструкција и модернизација на комуналната инфраструктура
4.2. Унапредување на заштитата на биодиверзитетот, воздухот, водата и почвата

| Причини за изработка на планскиот документ |
| --- |
| Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2015 - 2019 е среднорочен плански документ, изработен во согласност со ревидираната Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009 - 2019. Со Програмата се утврдуваат среднорочните цели за регионален развој на ЈЗПР, како и приоритетите и мерките кои ќе придонесат кон остварување на среднорочните цели. Програмата е подготвена согласно Законот за Рамномерен регионален развој (член 12 до 14 ) и Правилникот за методологија за изработка на планските документи за регионален развој. |